Australian Government

Be Connected
Every Australian online.

# Како да се справувате со скок-полињата

## Што е скок-поле?

Кога користите апликации на вашиот паметен телефон или таблет, како на пример кога играте игра или прегледувате на интернет, на екранот може да се појави мало поле што содржи порака или прашање. Тие полиња се познати како **скок-полиња (pop-up boxes)** и често бараат дозвола апликацијата или веб-страницата да направи нешто или да ви дадат некои информации.

Примерите за скок-полиња што може да ги видите може да ја бараат вашата согласност со услови и одредби, давање дозвола на апликација да се ажурира или да добие пристап до вашите фотографии, или, кога се работи за веб-страница, да се приклучите во список на приматели или да учествувате во анкета.







Општо правило е секогаш да бидете внимателни, особено ако давате дозвола за нешто. Особено е важно да внимавате на скок-полињата од веб-страници, бидејќи тие може да се обиди за кражба на идентитет и допирањето на нив може да доведе до инсталација на штетни или злонамерни вируси и софтвери на вашиот паметен телефон или таблет.

Овој водич ќе ви даде совети што да правите кога гледате различни видови скок-полиња.

## Од каде доаѓаат скок-полињата?

Два главни извори на скок-полињата се:

- апликации што бараат дозвола да направат нешто, и
- веб-страници.

Ајде да ги разгледаме по ред.

### Скок-полиња од апликации

Вашиот паметен уред е многу напреден уред и има голем број паметни функции и услуги, некои од кои треба да се употребуваат од апликации што ги инсталирате за да работат поефикасно.

# Како да се справувате со скок-полињата

На некоја апликација може да ѝ треба пристап до следните услуги и функции:

- способноста на вашиот уред да работи онаму каде што се наоѓате – голем број апликации за мапи и транспорт функционираат подобро ако знаат каде се наоѓате,
- броевите и адресите на е-пошта складирани во вашиот список со контакти – некои апликации, како што е WhatsApp, бара пристап до овие информации за да вршите побрзо поврзување со други корисници на WhatsApp,
- фотографиите во вашата фотогалерија – некои социјални медиуми и апликации за размена на пораки бараат пристап до вашата фотогалерија за да го направат полесно праќањето или објавувањето на фотографии, и
- способноста на вашиот уред да слуша или снима говор и други звуци – голем број апликации за комуникација и разговори ќе функционираат само ако можат да пристапат до микрофонот на вашиот уред.

Кога инсталирате нова апликација и ја користите прв пат, таа може да се обиде да употреби една или повеќе од овие услуги. Вашиот уред нема да дозволи тоа да се случи без ваша дозвола, па ќе ве запраша во скок-поле дали го дозволувате или одбивате пристапот.




На пример, првиот пат кога некоја апликација ќе ја побара вашата локација од телефонот, на телефонот ќе се појави скок-поле во кое ќе ви се бара да потврдите дека тоа е во ред. iPhone ќе ве праша **Не дозволувате (Don't Allow)** или **Дозволувате (Allow)**? Телефонот со Android ќе ве праша **Одбивате (Deny)** или **Дозволувате (Allow)**?






# Како да се справувате со скок-полињата

## Да дозволите или да одбиете?

Што треба да направите? Најпрво, прашајте се себеси дали е неопходно или разумно на апликацијата да ѝ треба пристап до тие услуги. Многу е разумно една апликација за мапи или други апликации за навигација да треба да ја знаат вашата локација. Тие нема да можат да ви кажат како да стигнете од една до друга локација ако не знаат каде се наоѓате!

Но, понекогаш апликациите бараат непотребни или неочекувани дозволи. Нормално е очекувате апликацијата за размена на СМС-пораки да бара да може да врши телефонски повици. Но, штом ќе инсталираме апликација што би требало да нè води низ саем, а *таа* бара дозвола да врши повици, тоа за нас е сомнително.

Што би требало да направите ако услугата изгледа несоодветна за она што апликацијата го прави? Можете едноставно да одбиете или да не дадете дозвола. Можете да дадете дозвола подоцна, ако се докаже дека е важно. Или, можете да ја деинсталирате апликацијата ако тоа ве загрижува. Ние го направивме тоа со апликацијата-водич за саем.




### Врвен совет

Сите апликации не се безбедни. Но, можете да ја ограничите опасноста од апликации ако ги инсталирате само од App Store ако имате iPhone iPad, или од Google Play Store ако имате телефон или таблет со Android.

## Скок-полиња од веб-страници

Кога посетувате некои веб-страници, на екранот може да се појави скок-поле. Може да биде безопасно, но може да биде и опасно. Во зависност од веб-прегледувачот на вашиот паметен телефон, скок-полето може всушност да биде создадено од телефонот ако е загрижен за вашата безбедност и безбедноста на веб-страницата.

Првото општо правило е: не верувајте им на скок-полињата што ги бараат вашите информации. Можеби нудат нешто што сакате, но тоа не значи дека се безбедни. Можно е вашиот уред или личните информации да се наоѓаат во опасност од нешто што е намерно дизајнирано да изгледа атрактивно или корисно.

# Како да се справувате со скок-полињата

Едно од највообичаените скок-полиња не е опасно, но може да биде вознемирувачко. Голем број веб-страници сакаат **Да ви праќаат известувања (Send you notifications)**. Известувањата се малечки пораки што се појавуваат во делот за известувања на вашиот паметен телефон или таблет. Тие може да ве предупредуваат за нови вести, специјални понуди и слично. Исто така, обично добивате известувања од некои апликации на вашиот телефон во облик на СМС и е-пошта.

На iPhone или iPad известувањата од веб-страницата Safari се блокирани, па веројатно нема да ги гледате.

На уред со Android може да видите скок-поле што ве прашува дали сакате да добивате известувања од веб-локацијата.

Полето ви нуди два избори: **Блокирајте (Block)** и **Дозволете (Allow)**. Бидејќи не знаете однапред колку често веб-страницата ќе ви праќа известувања, ви препорачуваме да изберете **Блокирај**.




## Скок-полиња од недоверлива веб-страница

Некои други скок-полиња се поголема закана. Тие често нудат надоместоци или награди, или понекогаш ве лажат дека нашле опасен вирус на вашиот телефон или таблет. Никогаш не треба да им верувате на овие скок-полиња, без оглед колку атрактивно изгледаат. Кликнувањето на некои од нив може да има како резултат некој штетен софтвер да се инсталира на вашиот уред.

За среќа, шансите да не наидете на скок-полиња директно од веб-страница се мали, бидејќи повеќето веб-прегледувачи на паметните телефони и таблети ги блокираат автоматски.

Ако наидете на скок-поле од веб-страница додека прегледувате на интернет, едно добро општо правило е да вршите интеракција со него само ако имате доверба во веб-страницата од која доаѓа.




## Како да затворите скок-поле

Ако не ја познавате веб-страницата во некое скок-поле, бидете безбедни и не кликнувајте на кое било копче во скок-полето. Наместо тоа, треба да го затворите скок-полето. Еве како да го направите тоа.

# Како да се справувате со скок-полињата

## Чекор 1.

Повеќето скок-полиња имаат малечок знак **x** во горниот десен агол што се нарекува копче за **затворање**. Допрете го еднаш за да го затворите скок-полето. Во некои скок-полиња може да биде тешко да го видите знакот **x** , па бидете внимателни.




## Чекор 2.

Ако немате доверба во скок-полето, или ако нема мал знак **x** во горниот десен агол, можете да допрете каде било **надвор** од полето за да го затворите.




## Чекор 3.

Ако скок-полето не исчезнува, не влегувајте во искушение да допрете кое било од копчињата за да го затворите. Најбезбедниот начин е да ја затворите веб-страницата од која се јавува.

За да го направите тоа, треба да ја избришете неговата **картичка на прегледувач (browser tab)**. Картичката на прегледувач е страница од веб-страницата што сте ја отвориле во веб-прегледувачот. Можете да имате отворени истовремено повеќе картички, или веб-страници, и да се префрлате од една на друга со само еден допир на прстот.

Ајде да видиме како да најдеме и затвориме веб-страница со здодевно скок-поле.

## Затворање на картичките на веб-прегледувачот: Apple

За да затворите картичка на прегледувач во веб-прегледувачот **Safari** на **iPhone или iPad**, допрете ја иконата **Картички (Tabs)** во долниот десен агол на екранот. Иконата изгледа како две коцки што се преклопуваат.



# Како да се справувате со скок-полињата

На екранот ќе се појави вртелешка со сите веб-страници што во моментот се отворени на вашиот паметен телефон или таблет. Најдете ја веб-страницата со скок-полето и допрете го малечкиот знак **x** во горниот лев агол на веб-страницата за да го затворите. Ако сте отвориле голем број веб-страници, можеби ќе треба да поминете со прстот низ картичките за да ја најдете онаа што ја барате.

За да се вратите во веб-прегледувачот, допрете на **Готово (Done)** во долниот десен агол на екранот.




## Затворање на картичките на веб-прегледувачот: Android

За да затворите картичка на прегледувач во веб-прегледувачот **Chrome** на **телефон или таблет со Android**, допрете ја иконата **Картички (Tab) што се наоѓа во горниот десен дел на екранот** до трите вертикални точки. Иконата изгледа како коцка, а во неа може да има број што го претставува бројот на веб-страници што во моментот се отворени на вашиот уред.

Отворените веб-страници ќе се појават на вашиот екран како шпил карти. Најдете ја веб-страницата со скок-полето и допрете го малечкиот знак **x** во горниот лев агол на веб-страницата за да го затворите. Ако сте отвориле голем број веб-страници, можеби ќе треба да поминете со прстот низ картичките за да ја најдете онаа што ја барате.

За да се вратите во веб-прегледувачот, допрете ја повторно иконата **Картички**.

